INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 17/2026
27.01.2026 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

за избор во насловно звање научен соработник/доцент во
Институтот за општествени и хуманистички науки

Со Одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.01.2026 именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во насловно звање научен соработник/доцент по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Сања Павлова
2. Прегледа и оцена на научно-истражувачката дејност
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во насловното звање научен соработник (еквивалент: доцент), од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Комисијата во состав: проф.д-р Марјан Бојаџиев, д-р Вера Димитриевска и проф.д-р Катерина Колозова по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци и образование***

Кандидатката д-р Сања Павлова е родена на 18.08.1996 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата Јосип Броз Тито во Скопје во 2015 година.

Во 2015 година го започнала своето високо образование на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет-Република Македонија. Додипломските студии ги завршила успешно со просек 9.97 во 2019 година, успешно бранејќи го дипломскиот труд на тема „Дистрибуција во функција на меѓународен маркетинг", на 28.06.2019 година, со што се стекнува со стручно звање Дипломиран економист.

Во периодот од 2016-2019 година добитник е на стипендија за талентирани студенти со особено висок успех, доделена од Министерство за образование и наука на Република Македонија.

Кандидатката во 2020 година го продолжила своето понатамошно образование на постдипломски студии на Факултетот за економски науки при Европски Универзитет-Скопје. Постдипломските студии успешно ги завршува со просек 10.00, преку одбрана на магистерската теза со наслов „Импакт на инфлуенсер маркетинг на однесувањето на потрошувачите и перцепција за бренд", на 13.10.2020 година, со што се стекнува со академски назив магистер по маркетинг.

Сања Павлова се запишува на трет циклус студии на Докторската школа на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје во 2021 година. По одбраната на докторската теза на тема "Analysis of the



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

Relationship Between the Model of Organizational Behavior and Organizational Culture with Mental Health and Job Satisfaction of Employees at Higher Education Institutions during the COVID-19 Pandemic", на ден 28.11. 2024 година, се стекнува со научен назив доктор по бизнис администрација .

Во јануари 2026 година кандидатката се стекнува со Педагошко-психолошка и методска доквалификација на Институтот за Педагогија при Филозофскиот факултет на универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Комисијата посебно го анализираше придонесот на кандидатката во областа на образованието, со посебен фокус на оценување на придобивките од нејзиното работење во високото и средното образование, како и на нејзината богата научно-истражувачка работа.

Д-р Сања Павлова има работно искуство во образование и научно-истражувачка работа. Уште како студент на додипломски студии, таа има реализирано неколку пракси во економски институции како Народна Банка на Република Македонија и осигурителни компании. По завршувањето на додипломските студии таа веднаш се запишува на мастер студии, и како студент на генерација е ангажирана како демонстратор по група предмети од област на Маркетинг на Факултетот за економски науки и група предмети поврзани со економија на Факултетот за детективи и криминалистика при Европски Универзитет-Скопје. По завршувањето на постдипломските студии Сања Павлова е редовно вработена како асистент по предмети од областа на маркетинг и менаџмент на Факултетот за економски науки при Европски универзитет-Скопје. Кандидатката, исто така, за време на своите докторски студии при Докторската школа на Факултетот за деловна економија и организациони науки на универзитет Американ Колеџ Скопје, почна да работи на проектот „Академско рангирање на балкански универзитети" (АРБУ). Во рамките на овој проект таа работеше успешно и посветено со цел поставување на темелите и унапредување на развојот на АРБУ, преку што се рефлектираа нејзината едуцираност, висок степен на професионалност и што е најважно нејзиниот личен интегритет и идентитет. Важно е да се напомене дека низ годините на нејзината професионална кариера, Сања Павлова учествува на бројни меѓународни конференции и обуки. Покрај работното искуство во високото образование и научно-истражувачката дејност, таа има работено и како професор по економски предмети во СУГС Орце Николов- Скопје.

Преку академските достигнувања, научно-истражувачка работа, публикации и учество во истражувачки проект, таа има значаен придонес во академската заедница и во областа на високото и средното образование. Д-р Сања Павлова исто така е автор на книгата „Економија и криминал", објавена во 2020 година.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Сања Павлова ги има објавено следниве меѓународни научни трудови:

Sanja Pavlova (2025), "Analysis of the Relationship Between Organizational Culture, Mental Health and Job Satisfaction of Employees at Higher Education Institutions During COVID-19 Pandemic: Evidence from The Republic of North Macedonia", Acta Economica Et Turistica,



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

Vol. 11 No. 2, pp. 105-128. https://doi.org/10.46672/aet.11.2.5

Sanja Pavlova, Venera Krliu, Marjan Bojadjiev (2024), "National and Organizational Culture", Business Management and Strategy, Macrothink Institute, Vol. 15, No. 2, pp. 20-31. https://doi.org/10.5296/bms.v15i2.21933

Marjan Bojadjiev, Venera Krliu, Sanja Pavlova, Ivona Mileva (2024), "The advantages of Google Scholar Ranking", International Journal of English Language Education, Macrothink Institute, Vol. 12, No.1, pp. 76-87. https://doi.org/10.5296/ijele.v12i1.21766

Sanja Pavlova (2023), "The Link between Organizational Culture and Mental Health of Employees in Higher Education Institutions during COVID-19," Universal Journal of Management, Vol. 11, No. 3, pp. 64 - 75, 2023. DOI: 10.13189/ujm.2023.110302.

Bojadjiev Marjan, Mileva Ivona, Pavlova Sanja & Krliu Venera (2023), "Understanding the University Rankings and The Need for Academic Ranking of Balkan Universities (ARBU)", The International Journal of Euro-Mediterranean Studies (IJEMS) 2023, Vol. 16, No. 1, pp. 73-91. https://ijems.emuni.si/index.php/home/article/view/150

Sanja Pavlova (2023), "Impact of COVID-19 Pandemic on Organizational Behavior and Mental Health of Employees in Higher Education Institutions", South East European Journal of Sustainable
Development, Vol. 7, No. 3, pp. 37-43.
https://seejsd.unt.edu.mk/wpcontent/uploads/2023/09/SEEJSD-Volume-7_Issue-3-2023-1.pdf

Sanja Pavlova (2023), "Organizational Culture and Organizational Behavior of Higher Education Institutions During the Covid-19 Pandemic" The European Journal of Applied Economics, Vol. 20, No. 1, pp. 52-65. DOI: 10.5937/EJAE20-42231

Sanja Pavlova (2022), THE IMPACT OF CREATIVITY FOR MAKING A BETTER COMPETITIVE ADVANTAGE, IDEA International Journal of Science and Arts, European University- Skopje, Vol. 6, No. 12, pp. 21-26. https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2023/01/IJSA-IDEA-Vol-6-No-12-Final-2.pdf

Sanja Pavlova (2022), Exploration of organizational culture and job satisfaction as sustainability factors in the higher education institutions, Economic Development, No. 4, pp. 67-76. https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/10/5.-67-76-from-ED-year-25-no-4-2022-v.1-9.pdf

Сања Павлова, Билјана Андреска Богдановска (2022), „Бенчмаркинг на деловни процеси и организации водени од вредност", IDEA International Journal of Science and Arts, European University- Skopje, Vol. 6, No. 11, pp. 49-56. https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2022/06/IJSA-IDEA-Vol-6-No-11-final.pdf

Сања Павлова, Александра Андреска Саревска (2021), „Негување на иновативност во организациите во ера на пандемија на КОВИД-19", IDEA International Journal of Science

and Arts, European University- Skopje, Vol.5, No. 9, pp.15-20. https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2022/03/IJSA-IDEA-Vol-5-No-9-FINAL-1.pdf
Aleksandra Andreska Sarevska, Sanja Pavlova (2021), "MANAGING AND ORGANISING THE COVID-19 EFFECT ON ONLINE SHOPPING BEHAVIOR", CONFERENCE PROCEEDINGS публикувано од: Association of Economists and Managers of the Balkans, Belgrade, Serbia; ISBN 978-86-80194-43-1, ISSN 2683-4510, pp. 275-280. DOI: https://doi.org/10.31410/EMAN.2021.275 https://www.obessu.org/about/structure/secretariat/

Sanja Pavlova (2020), "Instagram Giveaway: Marketers' nuclear weapon to brand awareness", IDEA International Journal of Science and Arts, European University- Skopje, Vol. 4, No. 8, pp. 39-42. https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2021/01/IJSA-IDEA-Vol-4-No-8-2-min.pdf

Книга „Економија и криминал"- Сања Павлова, 2020 година, ISBN 978-608-245-501-3

Sanja Pavlova (2019), "Inclusive marketing- opportunity to empower the people", IDEA International Journal of Science and Arts, European University Republic of Macedonia, Vol. 3, No.6, pp. 23-28. https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/12/IJSA-IDEA-Vol.3-No.6.pdf

Сања Павлова (2018), „Примена на вештачка интелигенција во маркетинг", IDEA International Journal of Science and Arts, European University Republic of Macedonia, Vol. 2, No. 3, pp.85-90. https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/12/IJSA-IDEA-Vol.2-No.3.pdf

Сања Павлова (2017), „Регулативи и практики за управување со отпад", IDEA International Journal of Science and Arts, European University Republic of Macedonia, Vol. 1, No. 2, pp. 127-132. https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2019/12/IDEA-2.pdf

**Меѓународни научни конференции**

**09/2023** Министерска конференција, „Обезбедувањето квалитет во високото образование – трендови и случувања во ЕУ и Западен Балкан" организирана од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија во соработка со Иницијативата за образовни реформи на Југоисточна Европа (ЕРИ ЈИЕ)

**12/2022** Учество на конференција со трудот "Impact of COVID-19 Pandemic on Organizational Behavior and Mental Health of Employees in Higher Education Institutions", South East European Journal of Sustainable Development, Vol. 7, No. 3, pp. 37-43. https://seejsd.unt.edu.mk/wp content/uploads/2023/09/SEEJSD-Volume-7_Issue-3-2023-1.pdf

**09/2022** 12-th International Scientific Conference "Science and Art for a Sustainable Society" како автор на меѓународен научен труд со наслов "THE IMPACT OF CREATIVITY FOR MAKING A BETTER COMPETITIVE ADVANTAGE", 23.09.2022, Skopje, European University Skopje

06/2022 Exploration of organizational culture and job satisfaction as sustainability factors in the higher education institutions, International Scientific Conference: Contemporary challenges of economic growth and sustainability of businesses, Economic Institute Skopje (online)

09/2021 Eleventh International Scientific Conference "Science and art in conditions of a pandemic" како автор на меѓународен научен труд со наслов "Негување на иновативност во организациите во ера на пандемија на КОВИД-19", 24.09.2021, Skopje, European University Skopje

03/2021 Fifth International Scientific Conference – EMAN 2021 – Economics and Management: How to Cope with Disrupted Times, Online/Virtual, March 18, 2021, CONFERENCE PROCEEDINGS публикувано од: Association of Economists and Managers of the Balkans, Belgrade, Serbia; ISBN 978-86-80194-43-1, ISSN 2683-4510, како коавтор на меѓународен научен труд со наслов "Managing and Organizing the COVID-19 Effect on Online Shopping Behavior"

09/2020 Tenth International Scientific Conference "The road to success - innovation, interaction, implementation" како автор на меѓународен научен труд со наслов "Instagram Giveaway: Marketers' nuclear weapon to brand awareness", European University – Skopje

09/2019 Ninth International Scientific Conference "New paradigms of the inclusive society" како автор на меѓународен научен труд со наслов "Inclusive marketing- opportunity to empower the people", September 27, 2019, Skopje, European University R.M.

09/2018 Eighth international scientific conference "Artificial intelligence - challenge of the digital era" како автор на меѓународен научен труд со наслов „Примена на вештачка интелигенција во маркетинг", Skopje, European University R.M.

09/2017 Seventh International Scientific Conference "Contemporary aspects of the circular economy како автор на меѓународен научен труд со наслов „Регулативи и практики за управување со отпад", September 13, 2017, Skopje, European University of R.M

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Сања Павлова, Комисијата констатира дека кандидатката покажува постојан стручен, научен и наставен развој и се оформува во квалитетен универзитетски наставник и научник. Нејзината научно-истражувачка работа е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за продлабочен системски пристап кон пошироката област, која се однесува на групата предмети за кои конкурира, од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).

Имајќи ја предвид севкупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оцени дека д-р Сања Павлова ги исполнува предвидените законски и други услови, поради што на Наставно-научниот совет му предлага д-р Сања Павлова да биде избрана во насловно звање научен соработник/доцент по група предмети од областа на економските науки и организациони науки и управување (менаџмент).



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

д-р Марјан Бојаџиев, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседател

д-р Вера Димитриевска, научен соработник
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член

д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член



INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk